РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1923/1
16.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **15.04.2024 година.**

Во овој извештај Ве известуваме дека Советот на Агенцијата го усвои Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Со измените и дополнувањата се појаснува начинот на распределбата на дополнителните 9 и пол минути за платено политичко рекламирање меѓу учесниците за изборната кампања за Парламентарните избори и начинот на означување на нарачателите на ППР, распределбата на времето во вестите на Јавниот радиодифузен сервис по принципот 30%+30%+30%+10% и распределбата на времето за бесплатно политичко претставување на Собраниският канал. Претходно сите заинтересирани чинители можеа да достават коментари или забелешки за Нацрт-упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, но до 15 часот на 15 април 2024 година никој не достави коментари или забелешки за неговата содржина.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**